УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК

ГОДИНА 5 БРОЈ 5

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**
**МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА**

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2018

**ГОДИНА 5** **БРОЈ 5**

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**
**МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА**

**За издавачот:**
проф. д-р Блажо Боев,
проф. м-р Антонијо Китановски

**Главен и одговорен уредник:**
проф. м-р Антонијо Китановски

**Одговорни уредници и редакциски одбор:**
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
проф. м-р Горанчо Ангелов
проф. д-р Владимир Јаневски
проф. д-р Илчо Јованов

**Јазично уредување:**
Лилјана Јовановска

**Техничко уредување:**
Славе Димитров
Благој Михов

**Редакција и администрација:**
Универзитет „Гоце Делчев” - Штип
Музичка академија
бул „Крсте Мисирков” 10-А
п.фах 201, 2000 Штип, Македонија

## С О Д Р Ж И Н А

**Стефанија ЛЕШКОВА-ЗЕЛЕНКОВСКА, Валентина ВЕЛКОВСКА-ТРАЈАНОВСКА**
ИСТОРИЈАТОТ И РАЗВОЈНИОТ ПАТ НА ГУДАЧКИТЕ ИНСТРУМЕНТИ:
ВИОЛОНЧЕЛО И КОНТРАБАС (2) .......... 5

**Тихомир ЈОВИЌ**
ПОЛИФОНИЈАТА ВО КОМПОЗИЦИЈАТА ДОЈДОВМЕ ЗА МЕШАН ХОР
ОД ТОМИСЛАВ ЗОГРАФСКИ .......... 11

**Гоце ГАВРИЛОВСКИ**
УПОТРЕБА НА ФОЛКЛОРНИТЕ ЕЛЕМЕНТИ И
УМЕТНИЧКАТА ТРАНСПОЗИЦИЈА НА ФОЛКЛОРОТ ВО ВТОРИОТ
СТАВ „ЛАМЕНТОЗО“ ОД СИМФОНИЈАТА БРОЈ 5, НА
КОМПОЗИТОРОТ ТОМА ПРОШЕВ .......... 17

**Ивана ЈАНКОВ**
ДРАМАТУРГИЈА И НЕЈЗИНИОТ РАЗВОЈ НИЗ ОСОБЕНОСТИТЕ
НА МУЗИЧКИТЕИ ВОНМУЗИЧКИТЕ ИЗРАЗНИ СРЕДСТВА ВО
КОМПОЗИЦИЈАТА „МАКЕДОНСКО ОРО“ ЗА МЕШАН ХОР ОД
КОМПОЗИТОРОТ ТОДОР СКАЛОВСКИ.......... 27

**Зоран НАСТОВ**
АСПЕКТИ НА ХАРМОНСКИОТ ЈАЗИК НА ПРВИОТ СТАВ
ОД СУИТАТА БР. 2 ОД БАЛЕТОТ „ЛАБИН И ДОЈРАНА“ ОД
КОМПОЗИТОРОТ ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ .......... 33

**Александар ТРАЈКОВСКИ**
ПАВЛИНА АПОСТОЛОВА - ИНТЕРПРЕТАТОР НА 40 УЛОГИ НА
МАКЕДОНСКАТА ОПЕРСКА СЦЕНА .......... 39

**Дуња ИВАНОВА**
КОНТЕКСТОТ КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА МУЗИЧКО ДОЖИВУВАЊЕ .......... 47

**Милица ШКАРИЌ и Елена ЕФРЕМОВА**
МУЗИЧКА ПИЈАНО ТЕРАПИЈА: СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ СО ПОЧЕТНИК
ПО ПИЈАНО НА 9 - ГОДИШНА ВОЗРАСТ .......... 53

**Бисера ИВАНОВА**
ФОРМА, ОРНАМЕНТИКА, АРТИКУЛАЦИЈА И ДИНАМИКА КАЈ
ИЗБРАНИ СОНАТИ ОД ДОМЕНИКО ЧИМАРОЗА .......... 61

**Петре ШТЕРЈОВ**
КОНЦЕРТ ЗА ПИЈАНО И ОРКЕСТАР БР. 2 ОП. 21 ВО ЕФ-МОЛ
ОД ФРЕДЕРИК ШОПЕН .......... 65

**Петар ТРБОЈЕВИЌ**
МУЗИКАТА НА ФИЛИП ГЛАС, МИНИМАЛИЗМОТ И ТИРОЛСКИОТ
КОНЦЕРТ ЗА ПИЈАНО И ОРЕКЕСТАР .......... 71

**Ивана МИЛОШЕВИЌ**
ВЛИЈАНИЕТО НА ПЕЕЊЕТО ВО ХОР ВРЗ КОГНИТИВНОТО И
ЕМОЦИОНАЛНОТО СПОЗНАВАЊЕ НА ДЕЦАТА .......... 75

**Лидија ЈОРДАНОВА**
УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ТЕОРИИТЕ НА
ПРОФЕСИОНАЛНАТА ОРИЕНТАЦИЈА ........ 81

**Горанчо АНГЕЛОВ**
ФАРИЗ ХАЈРУЛА – ЗУРЛАЏИЈА И ИЗРАБОТУВАЧ НА „КАБА“
ЗУРЛИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА ........ 91

**Владимир ЈАНЕВСКИ**
МАШКИ ОБРЕДНИ ПОВОРКИ ВО МАКЕДОНСКАТА ЕТНОКОРЕОЛОШКА
КЛАСИФИКАЦИЈА ........ 103

**Стојанче КОСТОВ**
КРАТОК ОСВРТ НА ОРСКАТА ТРАДИЦИЈА ВО ЕТНИЧКИОТ
ПРЕДЕЛ РАДОВИШКО ПОЛЕ ........ 109

**Христијан НИКОЛОВСКИ**
ИСТОРИСКИ АСПЕКТИ НА КИНЕТОГРАФИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА ........ 115

**Силвестер ПРОЛЕ**
ЕТНОКОРЕОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОРАТА ВО
РАДОВИШКОТО СЕЛО ГАБРЕВЦИ ........ 121

**Љупка СТЕФАНОВСКА**
47 ГОДИНИ РЕПУБЛИЧКИ ФЕСТИВАЛ НА НАРОДНИ ИГРИ И
ПЕСНИ „ИЛИНДЕНСКИ ДЕНОВИ“ – БИТОЛА (1971 – 2018) ........ 125

**Горан ВАСИЛЕСКИ**
ИВАНДЕНСКИТЕ ЖЕНСКИ ОБРЕДНИ ПОВОРКИ ВО
ПРИЛЕПСКО-БИТОЛСКО ПОЛЕ И ЖЕЛЕЗНИК ........ 131

**Тијана ЈАНЕВСКА**
ОРОВОДНАТА ПЕЈАЧКА ТРАДИЦИЈА ВО ПРЕДЕЛОТ ДУРАЧКА РЕКА ........ 139

**Бојан ПЕТКОВСКИ**
ФИЛМУВАНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБРЕДОТ ЛАЗАРКИ
ОД ЕТНИЧКИОТ ПРЕДЕЛ ДОЛНИ ПОЛОГ ........ 143

**Дени СИНАДИНОВСКИ**
ВЕЛИГДЕНСКИТЕ ОБРЕДНИ ИГРИ ОД ЕТНИЧКИОТ ПРЕДЕЛ
ПОРЕЧЕ И НИВНИТЕ ЕТНОКОРЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ ........ 149

**Иво СОЛДАТОВИЌ**
ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА ДРАГАН ЃАКОНОВСКИ-ШПАТО ........ 155

**Мирослав МИЛКОВСКИ**
МУЗИКАТА НА ЧИК КОРЕА ........ 163

**37.017:331.548**

# УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ТЕОРИИТЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА ОРИЕНТАЦИЈА

м-р Лидија ЈОРДАНОВА[1]
[1] Музичка академија, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, lidija.jordanova@ugd.edu.mk

**Апстракт**: Со изборот на училиштето и идната професија, младите луѓе го пронаоѓаат своето место и улога во општеството. За нив овој избор претставува големо животно искуство и има суштинско значење во текот на нивниот понатамошен живот. Да се донесе вистинска одлука за продолжување на образованието е навистина тешко и често знае да ги надмине можностите на самиот поединец. Основното и средното училиште влијаат врз професионалниот развој и изборот на занимањето на ученикот преку програмските содржини на редовната настава, програмата за воннаставните активности и програмата за професионалната ориентација.Училиштето зазема важна улога во реализирањето на целите на образовниот процес во рамките на современиот концепт, заснован на новите теории за професионалната ориентација, техничко-технолошките промени и различните сфаќања на односите кои постојат меѓу образованието, вработувањето и работата.

***Клучни зборови*: професионална ориентација, теории на професионалната ориентација.**

## Вовед

Времето во кое живееме, со себе донесе промени кои оставија траен белег во сите сфери на човековото живеење. Во такви услови младите секојдневно се среќаваат со предизвици на кои треба да одговорат, да донесат важни одлуки кои се од непроценливо значење, а со тоа го насочуваат, градат и развиваат својот живот. Адолесценцијата е период во кој младите се наоѓаат на патот на животна крстосница каде се соочуваат со бројни промени. За ученикот професионалната ориентација претставува многу значајна и општествено одговорна задача од причина што правилната професионална насоченост придонесува за вистинскиот избор на неговото натамошно образование, неговото занимање и задоволството од работата.

Гледано теоретски, основната структура на професионалната ориентација се темели на разликите кои постојат помеѓу поединецот во однос на способностите, односно специфичните психофизички барања и воспитно-образовните програми на училиштата, како и специфичните психофизички барања кои произлегуваат од дадени работни места и нивните задачи (Диздаревиќ, 1996: 10).

Училиштето зазема важна улога во реализирањето на целите на образовниот процес во рамките на современиот концепт, заснован на новите теории за професионалната ориентација, техничко технолошките промени и различните сфаќања на односите кои постојат меѓу образованието, вработувањето и работата.

Од тие причини, неопходно е да посветиме внимание на постоечките теории за професионална ориентација важни за објаснување на одделни аспекти на професионалната ориентација. Во создавањето на теориите на професионалната ориентација доминирале постоечките сознанија од практиката што укажува на едно усогласено единство помеѓу практичните и теоретските сознанија за истата.

## 1.Теории на професионална ориентација

Во педагошката и андрагошката литература можеме да сретнеме различни теории на професионалната ориентација кои не се поставени изолирано една од друга, туку се наоѓаат во еден комплементарен однос. Со таков пристап на толкување на теориите се збогатуваат сознанијата кои се важни за објаснување на одделни аспекти на професионалната ориентација, се создаваат можности за нови истражувања и примена на сознанијата во практиката (Диздаревиќ,1996: 21).

Постоечките теории се разликуваат во зависност од тоа на која особеност се става акцент во изборот на занимањето, дали се нагласуваат способностите, конативните особини, целокупната личност и сл. (Медиќ, 1994). Со брзиот развој на индустријата и технолошкиот процес ќе започне еден нов период во кој посебно место зазема работникот бидејќи се покажало дека технологијата сама не е доволна за да ги задоволи потребите на новонастанатите промени во индустријата. Всушност, за да се постигне што поголем квалитет и квантитет во работата, неопходни се работници кои ќе располагаат со одредени способности, знаења и мотивираност. Од овие прагматични цели ќе се јави и потребата за примена на психологијата во индустријата.

Во тој контекст од значење е теоријата на професионално советување на Џон Крумболтц. Тој, исто така, укажува на надминување на традиционалниот пристап на професионалното советување во кој главен акцент се става на детектирање на индивидуалните способности, интереси и особини на поединецот, а потоа се прави споредба со барањата на пазарот, т.е споредба на работникот со работата (Крумболц, 1997: 81). Задачата на советувањето како што вели Џон би требало да е насочена кон промена на поединецот и негово надградување. Постоечкиот капацитет на способности, интереси и особини, кои се воочени кај поединецот, треба да бидат темел за ново учење кое нема да се однесува само на учење на училишните предмети, туку ќе се проширува на учење на професионални и лични вештини затоа што тие кај поединецот постојано се менуваат со стекнување на нови искуства. Со воведување на еден поинаков пристап во професионалната ориентација, традиционалниот однос во советувањето во кој, од една страна, го имаат поединецот кој треба да пополнува тестови, да одговара на прашања, а од другата страна е „стручњакот“ кој знае дека се веќе надминати. Со ваквата поставеност поединецот добива улога на самостоен и одговорен носител на својата кариера, а во тој случај од клучно значење е добрата информираност на поединецот (Крумболц, 1997: 81).

Поради постоење на повеќе видови ориентации и советувања, се појавиле обиди за надминување на границата на постоењето на тие видови. Имено, службите за советување биле поставени во различни институции: образование, завод за вработување, социјална заштита и др. Во зависност од поставената цел, споменатите институции се адаптирале и насочувале кон одреден вид услуга. Споменатата поделба, освен на теоретско ниво, била рефлектирана и во практиката. Детектирајќи ги ваквите слабости, бројни европски институции прават обиди за надминување на истите така што советодавните служби се определуваат за концептот на комплетна стручна помош на клиентот, а не третирање само на еден изолиран аспект од проблемот (Крумболц, 1997: 82).

Индустрискиот развој ќе ја услови појавата на првите теории на професионалната ориентација и тоа во Соединетите Американски Држави. Паралелно со забрзаниот индустриски развој, свој развој доживува и професионалната ориентација. Во исто време во Европа научен подем се среќава во применетата психологијата чии сознанија нашле примена во усовршување на методите и техниките за откривање на способностите и особините на личноста.

Од постоечките теории за професионалната ориентација може да забележиме дека покрај психолозите, интерес пројавуваат социолозите и економистите, па со право можеме да кажеме дека на овој проблем му се дава мултидисциплинарно значење. За разлика од психолозите, кои на оваа проблематика во центар на вниманието ја имаат личноста, кај економистите и социолозите примарно значење има факторот средина. Овие теории се познати како непсихолошки теории. Според Диздаревиќ, разликата меѓу психолошките и непсихолошките теории е во зависност кои од факторите имаат пресудно влијание врз личноста, односно за првите се факторите кои дејствуваат на самата личност, а за непсихолошките теории тоа е факторот средина. Но, овие фактори не може да влијаат изолирано врз личноста. Имено, во изборот на понатамошното образование и изборот на занимањето факторите на личноста се анализираат во интеракција со факторот средина. На тој начин поединецот се наоѓа во позиција самостојно да одлучи за изборот на училиштето, а со тоа да влијае и врз својата иднина Крумболц, 1997: 22).

Од појавата на професионалната ориентација 1900 г., па во наредниот период психолошките теории претрпеле промени кои придонеле за класификација на теориите по основа на разни критериуми, па така се диференцирале во две групи и тоа:

- Структурални теории на професионалната ориентација и
- Развојни теории на професионалната ориентација.

Имајќи го предвид влијанието на теориите врз личноста во контекст на професионалната определба, ќе се задржиме на главните карактеристики што ги дефинираат овие теории.

### *1.1. Структурална теорија*

Приврзаниците на структуралната теорија (Blaun, Roe, Bordin, Holand) ги земаат предвид односите меѓу индивидуалните склоности, интересите, личните особини, општествената положба, од една страна, и изборот на занимањето, успехот и задоволството, од друга страна (Кораќ, 2011). Оваа теорија се темели на два фактора: разликите што постојат меѓу луѓето и барањата кои ги поставуваат различните занимања.

Теоријата на **Франк Парсонс** (Frank Parsons) за професионална ориентација е позната како теорија на црти и фактори. Според неа луѓето се разликуваат според способностите и особините на личноста, а занимањето се разликува според барањата кои се поставуваат на работното место. Бидејќи способностите и особините се мерливи особини на поединецот, може да се усогласат бараните компетенции со потребите на занимањето. Вака усогласени создаваат одличен предуслов за успех. Суштината на оваа теорија е „вистински човек на вистинско место“ чија цел е да се избегнат катастрофалните последици од лошиот избор. Овие сознанија Франк Парсонс ги применил на имигрантите советувајќи ги во изборот на занимањето да ги почитуваат своите афинитети. Но, оваа теорија била на удар на критики, а забелешките се однесуваат на нејзината статичност, односно што поединецот во текот на својот професионален развој врши еден професионален избор. Диздаревиќ истакнува дека критичарите на оваа теорија ја оспоруваат нејзината вредност затоа што не може да се постигне целосно усогласување на способностите, интересите и особините на личноста со барањата на занимањата како што велат Парсонс и неговите следбеници. Понатаму, тој истакнува дека во својот професионален развој поединецот донесува повеќе пати одлуки во врска со неговиот избор на професијата и дека секоја нова одлука е производ на претходно донесени одлуки (Диздаревиќ,1996). Покрај мноштвото критики вредноста на теоријата на особини не може да се фрли во сенка. Најостри нејзини критичари се приврзаниците на развојната теорија на професионалната ориентација. Авторот на книгата „Психофизиологија на трудот“ Зоран Бујас дава неколку теоретски основи кои ја поткрепуваат вредноста на оваа теорија на професионалната ориентација (Бујас, 1978). Според Бујас, секоја личност има свои особини и способности кои се разликуваат од останатите луѓе. Тие разлики се резултат на различни фактори и затоа не можеме да очекуваме еднаков работен учинок во работниот процес. Како втора теоретска основа за Бујас се барањата кои се поставуваат пред поединецот за одредено занимање, а тоа значи дека луѓето ќе поседуваат различни вештини и знаења. Ако особините и способностите што ги има личноста одговараат за една активност, не значи дека истите тие ќе се пресликаат за потребите на некое друго подрачје на работа. Како последна теориска основа на теоријата на професионалната ориентација е успехот од работата. Ако поединецот не е успешен во некоја работа, не значи дека тој е професионално неуспешен. Неговата успешност е поврзана со структурата на личноста која ја поседува и затоа во различни работни активности нема да е еднакво успешен.

Од изнесените теориски основи на Бујас кои ја поткрепуваат важноста на теоријата на особини, може да се констатира дека тие се однесуваат на значајноста на неколку факти и тоа: фактот дека меѓу луѓето постојат разлики според нивните психофизички особености, карактеристиките на секое занимање; поседување на соодветни особини, способности и знаења и познавање на индивидуалните особини на поединецот.

Во рамките на структуралната теорија се вбројува и *теоријата на потребите чиј* творец е **Ана Рое** (A.Ro). Основна детерминанта на оваа теорија се потребите. Нивното формирање започнува од најрана возраст во рамките на семејството, а родителите се првите субјекти кои ги задоволуваат потребите на своето дете. Според оваа теорија, изборот на занимањето е условен од структурираноста на потребите и нивниот интензитет кој е присутен

кај личноста. Зависноста на потребите и изборот на занимањето авторката Рое, како творец на оваа теорија, ја елаборира врз основа на теоријата на мотивацијата од **Абрахам Маслов** (Abraham Maslov) во која нема подлабоко да навлегуваме, туку ќе се задржиме на она што е референтно во рамките на нашиот проблем. Хиерархиската теорија на мотивација на Маслов, Рое ја втемелува во теоријата на потребите бидејќи изборот на занимањето го доведува во директна врска со задоволување на потребите што за поединецот имаат примарно значење (Диздаревиќ,1996: 31). Со ваква поставеност почитувајќи ги принципите на хиерархиската теорија на мотивација, теоријата на потребите добива хуманистичка димензија во професионалната ориентација. Во оваа теорија има уште еден важен сегмент во правилниот избор на занимањето, а тоа е чувството на задоволство, што значи дека од изборот на занимањето не е важна само економската страна. Рое истакнува дека професионалната ориентација е алатка преку која секој поединец ќе се запознае со природата на своите потреби и во која насока се движат тие потреби. Многу е важно покрај природата на потребите, поединецот да се запознае и со природата на занимањето, односно да се идентификуваат неговите карактеристики со што личноста ќе постигне поголемо задоволство. Во контекст на ова Ана ја потенцира важноста на запознавање со постоечките занимања со што поединецот ќе одбере занимање кое е најкомпатибилно со задоволување на неговите потреби. Таа ги дели занимањата во осум групи и тоа:

1. услужни занимања;
2. контактни занимања;
3. организациски занимања;
4. занимања од технолошка природа;
5. занимања од обласата на природата;
6. занимања од научната дејност;
7. занимања од обласата на културата и
8. занимања од обласата на уметноста и забавата. (Диздаревиќ,1996: 35)

За наведените занимања потребно е различно ниво на образование, различно ниво на одговорност и степен на самостојност. Рое нагласува дека детството и младоста како развојни периоди имаат клучно значење во формирањето на професионалните потреби и интереси под закрила на родителите. Затоа треба да се посвети внимание на примарните задачи на професионалната ориентација во овој период бидејќи имаат влијание во откривањето на личните интереси, ставови и мотивите кај единката со што ќе им се помогне во донесувањето на одлука за правилен избор на занимањето кое најмногу одговара на неговите потреби.

Додека во теоријата на Рое акцентот е ставен на потребите, можеме да воочиме дека **Холанд** својата структурална теорија за професионална ориентација ја темели на усогласување на структурата на личноста со средината како главна задача на професионалната ориентација. На тој начин се остварува примарната цел на професионалната ориентација преку усогласување на ставовите, способностите и аспирациите со вредностите и барањата на средината. Според Холанд, усогласувањето меѓу средината и личноста се врши преку интересите и постојат пет засебни типови на личности и средини:

- реалистични;
- интелектуални;
- социјални;
- конвенционални и
- уметнички.

Тука се наметнува прашањето: Зошто Холанд дава толку големо значење на врската меѓу личноста и средината? Одговорот произлегува од можноста интелектуалните потенцијали, аспирации и потреби на личноста, преку професионалната ориентација да се откријат личните предиспозиции и да се насочи поединецот во средината во која вредностите, барањата и условите се усогласени со способностите и структурата на личноста (Диздаревиќ,1996: 36).

### *1.2. Развојни теории на професионалната ориентација*

Како една од позначајните теории која дала особено значаен придонес во теоријата и практиката на професионалната ориентација е развојната теорија. Теоретичарите на оваа теорија, Гинсберг, Ахелард, Хермај, Тидеман, Цритес, Супер (Ginzburg, Ahelard, Hermaj,

Tideman, Crites, Super) професионалниот развој го разгледуваат од аспект на животниот век и животниот простор дефинирајќи го како целоживотен процес кој минува низ неколку фази.

Во 1951 г. е објавена **Теоријата на развојот во кариерата** од страна на Гинзберг и неговите соработници.

Според приврзаниците на оваа теорија, професионалниот развој претставува развоен процес кој во својата суштина е иверзибилен, односно секоја професионална одлука е поврзана и зависи од онаа која претходи и е услов за одлуката која следи. Овој процес на професионален развој започнува од шестата година и трае сѐ до завршувањето на работниот век. Претходно рековме дека професионалниот развој поминува низ неколку фази и тоа:

1. период на фантазија;
2. период на проверка и
3. реалистичен период.

Според Гинзберг и соработниците, во првиот развоен период кој започнува од 6-тата и трае до 11-тата година, како што кажува и самото поимање фантастичен период, детето живее во светот на имагинацијата, па така тоа се поистоветува со најразлични ликови и улоги од неговото непосредно опкружување. Овој период детето има изразени желби кои се надвор од реалноста и неговиот професионален избор е под силно влијание на врсниците.

Во вториот период кој се нарекува пробен период со траење од 12 до 17 година, според Гинзберг е период кога детето врши преиспитување на своите аспирации кон одредени занимања. Во рамките на овој период Гинзберг зборува за постоење на уште четири фази или потфази. Заедничко за првите три фази е што во сите нив доминираат субјективните фактори: интересите, способностите и вредностите. Под нивно влијание детето се одлучува за одредено занимање поаѓајќи од она што буди во него интерес, прави споредба во однос на своите врсници и тежнее кон поголеми достигнувања. Избраното занимање за детето треба да има одредена вредност. Во преодната фаза или четвртата фаза детето веќе е во период на адолесценција, изборот е пореален и оваа фаза, како што кажува и самото име, е преоден период од претходните фази на развојот кон периодот на реализам од 18 година, па натаму.

Во периодот на реализам ученикот веќе во сите сфери психолошки, емоционално и социјално е посозреан, па како резултат на тоа на својот професионален избор гледа далеку пореално, има покомплетно сознание за својата личност и за средината во која живее. Тоа му овозможува да има поголема сигурност во себе и во изборот на занимање. Определувањето на занимањето кое уште се среќава под називот (фаза на спецификација) претставува процес кој се надоврзува на претходните две фази: фаза на експлорација и фаза на кристализација. Во фазата на експлорација поединецот врши преиспитување на своите професионални определби соочувајќи се со реалноста, а во фазата на кристализација веќе точно знае што сака за своја идна професија и конечно тоа го доживува како она вистинското за него (Диздаревиќ,1996: 38).

### *1.3. Суперова теорија*

Иако секоја од споменатите теории има свое значење и придонес во развојот на професионалната ориентација, сепак теоријата на Доналд Супер зазема централно место меѓу нив. Нејзината вредност е потврдена од страна на УНЕСКО и е вградена во нивните програми за професионална ориентација.

Според Супер, најважен фактор во професионалниот развој и професионалната ориентација е создавањето на адекватна слика за себе. Како ќе се одвива тој развој зависи од ефикасноста и богатството на информации што ги добива индивидуата. Теоријата на Супер е градена на база на Гинзберговата теорија и теоретските и практични сознанија на развојната психологија. За Супер суштината на професионалната ориентација е во оспособувањето на индивидуата самостојно да го предвидува својот професионален развој. Во тој контекст Супер го воведува поимот **професионална зрелост** што значи степен на професионален развој постигнат во одреден временски период кој се идентификува со подготвеност на поединецот да врши професионален избор. За Супер изборот на образованието, занимањето, не претставува една голема одлука, туку збир од помали одлуки. Во донесувањето на одлуките земат учество повеќе детерминанти. Тие претставуваат синтеза на фактори на професионалниот избор (Медиќ, 1994). Поединецот одлуката настојува да ја донесе сам што е добро во зависност од

специфичностите на факторите кои влијаат врз него. Главна инспирација за одлучувањето се наоѓа во животната стварност. Како нејзини детерминанти Супер ги наведува:

- животен век;
- животен простор;
- животен стил;
- животен циклус и
- ситуациски околности.

Обидувајќи се што попрецизно да го одреди професионалниот развој, Супер вели дека секој човек во својот животен век минува низ неколку развојни фази кои мора да ги помине независно од развојните карактеристики на личноста. Според оваа теорија, разлики во професионалниот развој не постојат, тие можат да се јават во однос на брзината на нивото на созревањето, некој побргу созрева, а некој побавно. Супер кога зборува за фазите во професионалниот развој, црпи сознанија од Шарлота Билер која многу години пред неговото научно творење пред околу шеесет години востановила дека целиот животен век е поделен на пет развојни фази:

1. растење;
2. испитување;
3. стабилизирање;
4. одржување и
5. опаѓање. (Супер,1981: 24):

Можеме да констатираме дека современите застапници на развојната теорија во целост не ја прифаќаат биолошката фиксираност во развојните фази, односно тие сметаат дека постојат значајни индивидуални разлики кои се видливи во процесот на созревање кои се евидентни со брзината на созревањето.

Кога зборува за професионалниот развој и ориентација, Доналд не го занемарува значењето на детерминантата животен простор чие значење го прикажува преку постоењето на девет улоги и четири принципа. Во животот индивидуата се среќава и соочува со најразлични улоги, но Супер, како најзначајни, ги смета улогите: дете, ученик, безделник, граѓанин, работник, сопруг, домаќин, родител и пензионер. Остварувањето на овие улоги може да се врши во секвенци или истовремено кога поединецот се соочува со повеќе улоги. Секоја од овие улоги е значајна во одреден период од животот. Исправеноста пред предизвикот во различни улоги за ученикот има особено значење за неговиот професионалниот развој. Имено, ако на ученикот му се овозможи да се постави во некоја улога, таа улога бара од него да се потруди, преку неа ученикот има непресушна потреба да се самоактуализира користејќи ги сите свои потенцијали. Се претпоставува дека во таква средина ученикот полесно ќе се развива, ќе биде задоволен од постигнатото кое произлегува од процесот на актуализација на своите потенцијали и тоа ќе се рефлектира во неговиот понатамошен професионален развој. Во контекст на ова може да се запрашаме како училиштето треба да влијае во правец на задоволување на потребите, кои се тие потреби, зошто во дадена ситуација ученикот се однесува така. Одговорот лежи во присутноста на потребите. Според Билиќ (Bilic, 2001), „мотиви, поттикнувачи, причини се нарекува сè што ја придвижува човековата активност насочена кон одредена цел“. Затоа во училиштето од посебна важност се слободните ученички активности кои му даваат простор на ученикот да се ангажира во различни активности преку различни улоги. На пр., во исто време е ученик и работник. Така ученикот може да создаде перцепција за самиот себе во неговата нова улога создавајќи лично задоволство и визија за животен стил. Ученикот запознавајќи се самиот себе, познавајќи ги своите потреби, ќе се поттикне да ги задоволи своите потреби со запишување во средно училиште и во одредено занимање. Кога ја елаборираме Суперовата теорија во која доминантно место зазема значењето на улогите, ќе го наведеме и неговиот став во врска со промените кои настануваат во текот на професионалниот развој (Диздаревиќ, 1996). Имено, според него траењето на улогите се поставени во зависност од времето и емоциите со кои располага лицето. Деветте животни улоги кои го одредуваат значењето на концептот „Животен простор“ се директно поврзани со временските промени во одделни улоги. Со преземањето на некоја нова улога се зголемува и продлабочува нејзиниот интензитет, додека претходната улога постепено се намалува или сосема исчезнува. На пр., кога ќе се вработи лицето, тој се наоѓа во една поинаква животна

фаза која го активира лицето во новата улога, а додека улогата на ученик се намалува или исчезнува. Во кој правец ќе се развива поединецот, дали ќе го продолжи школувањето или не, каков животен тек ќе добие неговиот професионален развој, зависи и од тоа дали поединецот се занимава со некое хоби или не. За Супер присутноста на хобито е многу значајна активност која може да го следи човекот во сите етапи од професионалниот развој. Семејството е исклучително важна средина за стимулирање и негување на оваа активност која започнува уште од рана возраст и продолжува во текот на школувањето.

Важен момент во развојната теорија на професионалната ориентација за Супер е моментот на донесување на одлука. Во таа насока се и примарните задачи кои се поставени на почетокот на развојот на професионалната ориентација. Нејзина задача е секој поединец со помош на советодавците на занимања да се оспособи сам да донесе одлука за својата професионална определба. Донесената одлука е само потврда за претходните фази низ кои минува единката и создавање на можности за проценување на ефектите од донесената одлука. Доналд, како и неговите приврзаници, се творци на моделите на професионалниот развој и избор. Според нив, врз донесувањето на одлука која се однесува за понатамошно школување или избор на занимање имаат влијание повеќе фактори, персоналните и ситуациони детерминанти, емоциите и проценка на фактите. Тие укажуваат на важноста на методите при одлучување и затоа препорачуваат нивно имплементирање во програмите на воспитно-образовниот процес со што ќе му се помогне на ученикот во донесување на правилна одлука во изборот на училиштето.

За цврстата врска меѓу училишниот успех, успехот во воншколските активности и организираните активности со успехот и задоволството во кариерата на возраст било истражувано од страна на Супер, 1967 и Џордан 1974. (исто стр.36).

Може да резимираме дека поединецот кој ја гради својата кариера, станува свесен за постоечките одлуки во изборот на занимањето, поставува прашања, анализира одредени претпоставки, бара податоци, поврзува и споредува стари и нови податоци, претпоставува можни акции и ја проценува нивната вредност, размислува за своите сегашни и идни одлуки. Во тој професионален развој поединецот во секоја возраст има специфичен начин на толкување и соочување со професионалните проблеми, па низ тој пат ја достигнува професионалната зрелост.

### *1.4. Теоретски и практични придобивки од теориите на професионалната ориентација*

Сите наведени теории, освен теоријата на особина-барање, имаат синтетички пристап кон личноста и таквите сфаќања треба да се применат, но во практиката често кон поединецот се пристапува аналитички, па добиените податоци при постапката на прибирање податоци во професионалната ориентација се занемаруваат, а наместо нив се земаат предвид оние податоци кои се највоочливи според мислењето на стручните лица. Бранчиќ Бранка во нејзината студија дава неколку стручни совети во кои можат да најдат практична примена најприфатените теории на професионалната ориентација (Brančić,1986). Поаѓајќи од наведеното, таа укажува на некои можности на конципирање на една комплетна теорија на изборот на занимања кои би можеле да најдат специфична примена во професионалната ориентација како стручна и општествено втемелена активност. Бранка ги издвојува придобивките од теориите на професионалната ориентација, а тоа се :

- На изборот на занимање се гледа како на процес кој трае во текот на целиот живот на поединецот;
- Врз изборот на занимањето влијаат психолошките детерминанти на личноста;
- Постоење на поврзаност меѓу процесот на професионална ориентација и процесот на созревање;
- Личноста се самоактуализира со изборот на занимање;
- Во теоријата занимањата се структурирани според релевантните психолошки димензии;
- Изборот на занимањето се идентификува со подоцнежниот избор на животен стил;

- Современите теории на професионалната ориентација ја истакнуваат потребата од специјализирани лица кои ќе се занимаваат со овој проблем и кон него треба да се приоѓа интердисциплинарно со адекватна организација.

Како резултат на темелната анализа на теориите на професионалната ориентација и имајќи ги предвид теоретските и практични придонеси на теориите, Бранчиќ ќе нагласи дека професионалната ориентација е континуиран процес кој започнува од основното образование и трае до завршувањето на работниот век. Инспирирана од можните придобивки на теориите на професионалната ориентација, Бранчиќ ќе преземе дел од идеите укажувајќи на нивното несомнено значење во развојот на професионалната ориентација, а тоа се: развивање на експлоративно однесување и подучување на поединецот за успешно донесување на одлуката и збогатување на професионалното советување со динамични пристапи во изборот на занимањето. Најсоодветно место за остварувањето на првата идеја за експлоративно однесување е во училиштето. Преку едукативниот процес и соодветни педагошко-психолошки услови му се овозможува на ученикот да истражува и да открие каде најмногу се пронаоѓа (Brančić,1986: 158). Училиштето ја има привилегијата преку наставниот процес и вонnаставните активности да го оспособи ученикот да научи сам да доаѓа до потребните информации, да се осознае самиот себе и да го запознае светот на работата. Детектирајќи ги слабостите во училишната практика каде акцент се дава на професионалните информации, а не на формите на самостојно доаѓање до истите од страна на ученикот, Бранка дава препораки како да се посвети повеќе внимание на разработка на задачите на експлоративното однесување низ унапредување на постоечките и изнаоѓање на нови методи и техники за работа. Во прилог на изнесеното Бранка вели: „Предлагам разработка на моделот на проучување и одлучување кој би послужил како база за групна и индивидуална работа која би ги опфатила стратешките точки во процесот на донесување на одлуката, како и да се вгради во програмите за работа на училиштето и процесот на подучување во одлучувањето и планирање на професионалниот развој“ (Brančić,1986: 158).

Со интенција професионалната ориентација да може да одговори на барањата на современото општество, Бранка укажува на важноста од освежување на содржините на професионалното советување кои ќе посветат поголемо внимание кон поединецот, респектирајќи ја неговата личност со што ќе го подготват на можните предизвици низ сите етапи во образовниот процес, а подоцна и во светот на трудот и работата. Низ тие содржини ученикот ќе треба сам да ги открие своите аспирации кон занимањето преку пребарување на информации, истражување и да му се помогне да научи да идентификува, проценува, да доаѓа до информации, да се пронајде во различните полиња на работата преку своите особини и способности и на крај да ја донесе одлуката.

Преку теориите на професионалната ориентација сублимиравме краток преглед на различни аспекти на теориите кои делумно претставуваат основа за педагошката и дидактичка имплементација на професионалната ориентација. Бидејќи секоја од овие теории содржи важни пристапи кои го објаснуваат професионалниот развој и процес, ниедна не може да се отфрли или да се каже дека дава целосно објаснување за донесување на одлуката за школување или занимање и затоа треба да се има комплементарен пристап.

**Заклучок**

Анализирајќи ги теориите и парадигмите, може да констатираме дека во фокусот на вниманието го ставаат поединецот и неговиот професионален избор или прашања кои имаат за цел да му помогнат во донесувањето на одлуките. Кај традиционалните теории постои отсуство на прашања како ќе се одвива развојот на поединецот, во кој правец ќе се движи таа промена и на каков начин. Научно-технолошкиот развој ќе изврши силно влијание врз пазарот на трудот, со што доаѓа до промена на односот помеѓу работодавецот и работникот во поглед на неговите особини. Имено, во минатото на професионалното знаење му се припишувало големо значење, но во денешни услови се бараат и други особини и вештини како што се: организациони способности, комуникативни вештини, способност за тимска работа, самоиницијативност, решавање на конфликтни ситуации, подготвеност за учење и адаптација на тековните промени. Несигурноста и неизвесноста кои се составен дел на сегашноста и иднината, имаат рефлексија врз професионалната ориентација и професионалното советување.

На тој начин истите мораат да се прилагодат на новонастанатите промени, со што професионалната ориентација нема да има само задача на давање помош во изборот на училиште или занимањето, туку треба да го подготвува и оспособува поединецот за изнаоѓање решенија кои во најголема мерка ќе ги задоволат неговите потреби и потребите на општеството.

**Користена литература:**


1. Brančić, B. (1986). Psihološke teorije izbor zanimanja, Naučna knjiga, Beograd,1986.
2. Бујас, З. (1978). Психофизиологија рада, Загреб, 72.
3. Диздаревиќ, И. (1996). Професионална ориентација на младите. Педагошки завод на Македонија, Скопје, 205.
4. Корач, И. (2011). Професионална ориентација ученика – између теорије и праксе, Педагогија, 66(3): 395–401.
5. Krumboltz, J.D. (1997). Aplikacija teorije učenja pri izboru karijere, 81.
6. Мандић, П. (1986). Савјетодавни васпитни рад са основама методике васпитног рада, Завод за учебнике и наставна средства, Сарајево.
7. Medić, P. (1994) *Osnovne psihologijske teorije profesionalne orijentacije I njihove implikacije Na medicine profesionalne orijentacije,* Medica Jadertina, 24 (1994), 1/4, str. 127–139, Zadar.
8. Super. D (1981). Pristup profesionalnom razvoju SA stanovište životnog veka i životnog prostora, Psihologija, Beograd, br.3, 24.